**20251092399**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 13 став (2) од Законот за вештачење (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/23), министерот за правда донесе

# ПРОГРАМА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ТЕОРЕТСКИОТ ДЕЛ ОД ИСПИТОТ ЗА ВЕШТАК

Член 1

Со оваа програма се пропишува содржината на теоретскиот дел од испитот за вештак, која ги опфаќа материјалот, прописите и литературата за полагање на испитот за вештак.

Член 2

Програмата за полагање на испитот за вештак се состои од:

I. Вештачење

- Вештак, вештачење, супервештачење, лиценца, регистри и Комора на вештаци (значење на изразите);
- Основни начела;
- Субјекти кои можат да вршат вештачење;
- Водење евиденција;
- Странски вештак;
- Испит за вештак (услови, начин, барање, комисија, уверение и трошоци);
- Обука за вештаци;
- Издавање лиценца за вештачење;
- Стекнување лиценца без полагање на испитот;
- Регистри;
- Континуирана обука;
- Осигурување од одговорност;
- Одземање на лиценцата за вештачење;
- Престанок на лиценцата за вештачење;
- Бришење од Регистарот на вештаци;
- Награда и надомест;
- Доставување на податоци;
- Комора на вештаци;
- Професионални одделенија;
- Собрание на Комора;
- Управен одбор;
- Надзорен одбор;
- Претседател на Комора;
- Финансирање на Комора;
- Дисциплински органи;
- Видови дисциплински мерки;
- Мерки за дисциплински повреди;
- Застареност за поведување дисциплинска постапка;
- Извршување дисциплински одлуки и
- Посебна постапка за стекнување лиценца за вештачење;

II. Организација на правосудниот систем
- Организација и надлежност на судството и
- Организација и надлежност на јавното обвинителство.

III. Вештачење во кривични постапки
- Определување на вештачење;
- Должности на вештакот;
- Изземање на вештак;
- Постапка за вештачење;
- Разгледување на предметот на вештачење;
- Записник за вештачењето и право за негово разгледување;
- Вештачење во стручна установа или државен орган;
- Отстранување на недостатоци на вештачењето;
- Именување на технички советници;
- Дејствија на техничкиот советник;
- Преглед, обдукција и идентификација на леш;
- Преглед и обдукција на леш надвор од стручна установа и изземање на лекарот што го лекувал умрениот;
- Психијатриско вештачење;
- Телесен преглед, земање крв и други лекарски дејствија;
- Доказно рочиште;
- Испитување на вештак или технички советник и
- Дополнение на доказна постапка и супер вештачење.

IV. Вештачење во прекршочни постапки
- Прекршок и прекршочна одговорност;
- Сослушување на вештак во скратена постапка;
- Доказна постапка и сослушување на вештаци и
- Устен претрес и тек на претресот во прекршочна постапка.

VII. Кривични дела
- Давање лажен исказ (член 367) и
- Попречување на правдата (член 368 – а) .

VIII. Вештачење во граѓански судски постапки
- Кога се определува вештачење;
- Должности на вештакот;
- Изземање на вештак;
- Прекршок;
- Право на надомест на трошоци и награда;
- Поставување на прашања на вештак;
- Доставување на стручен наод и мислење ;
- Супер вештачење;
- Прекин на постапката и
- Улогата на вештаците на главна расправа.

IX. Статут на Комора
- Делокруг на работа на Комората;
- Организација на Комората;
- Органи на Комората;

- Административно техничка служба;
- Контрола над работењето на Комората;
- Контрола над работата на вештаците и
- Финансирање на комората.

X. Кодекс на етика
- Општи принципи ;
- Законитост и совесност;
- Независност и непристрасност;
- Интегритет;
- Спречување на конфликт на интереси;
- Спречување на корупција;
- Компетентност и професионалност;
- Одговорност;
- Доверливост на информации;
- Јавни изјави и
- Прекршување на одредбите од Кодексот на етика.

Член 3

Прописите и литературата за подготовка на испитот за вештак се дадени во прилог и се составен дел на оваа програма.

Член 4

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ .

Бр. 08-951/3
26 мај 2025 година
Скопје

Министер за правда,
**Игор Филков**, с.р.

ПРИЛОГ

Литература:


1. Устав на Република Северна Македонија;
2. Закон за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/06; 62/06, 35/208, 61/08, 118/08, 16/09, 150/10, и 39/212 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.83/18, 198/18 и 96/19) ;
3. Закон за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) ;
4. Закон за вештачење (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/23) ;
5. Закон за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/10, 100/12 и 142/16) ;
6. Закон за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 253/23) ;
7. Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 87/07, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 143/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15 и 226/15 и 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 36/23 и 188/23);
8. Закон за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 124/15) ;
9. Статут на Комора на вештаци и
10. Кодекс на етика.